РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 14-7495/1
22-11-2023 20 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

**Јавен оглас**

**За избор на експерт/и за анализа на потребните буџетски средства и законски измени за одрживо вклучување на децата Роми во предучилишно образование во рамки проектот „Инклузија на деца Роми во предучилишно образование“**

Во рамки на проектот Инклузија на деца Роми во предучилишно образование Министерство за труд и социјална политика во партнерство со УНИЦЕФ Северна Македонија објавува оглас за ангажирање на експерт/и за анализа на потребните буџетски средства и законски измени за одрживо вклучување на децата Роми во предучилишно образование.

**Опис на проектот**

Проектот „Инклузија на деца Роми во предучилишно образование”, го имплементира Министерството да труд и социјална политика, во соработка и финансиска поддршка од УНИЦЕФ Северна Македонија. Целта на проектот е зголемување на бројот на деца Роми во Јавните општински установи на возраст од 3 - 6 години (како приоритетна група), надминување на стереотипите и предрасудите, подобрување на социјалните вештини и знаењето на македонскиот јазик на децата Роми и целосна поддршка при раниот детски развој. Проектот има за цел да придонесе и за зголемување на стапката на запишување на децата Роми во прво одделение, подобрување на родителските способности кај родители Роми, зајакнување на врската помеѓу родителите и предучилишните установи и подигнување на квалитетот на наставата и учењето.

Ангажираниот(и) експерт(и) ќе треба да подготви анализа која ќе се користи за застапување за посоодветни буџетски распределби и законски измени за да се обезбеди одржливост на интервенцијата.

Со анализата треба да се испитаат потребните буџетски средства за системско и институционално вклучување на децата Роми во предучилишно образование и да се залага за инкорпорирање на поддршката за инклузија на децата Роми во предучилишно образование, кое Владата го прави со блок трансакциите до општините. Анализата, исто така, ќе предложи законодавни и други промени во политиките кои би биле потребни за да се обезбеди одржливост на ромските предучилишни медијатори, наставнички асистенти (негувателки) и други форми на поддршка на предучилишното вклучување.

Избор на избор
на експерт/и за анализа на потребните буџетски средства и законски измени за одрживо вклучување на децата Роми во предучилишно образование.

Се бараат експерт/и од следните профили за анализа на потребните буџетски средства и законски измени за одрживо вклучување на децата Роми во предучилишно образование во период од декември 2023 - мај 2024:

Критериуми кои треба да ги исполнуваат експерите:

- Соодветно високо образование (предност постдипломски студии)
- Работно искуство од најмалку 5 години во правење на методологии и научни истражувања
- Да има искуство со работа на маргинализирани групи (предност со Ромската заедница)
- Да има одлични истражувачки и аналитички способности
- Да имаат искуство во изработување на анализи, истражувања, прирачници, програми и слично
- Да имаат способности за планирање и организација

Сите заинтересирани кандидати, се охрабруваат да достават Кратка Биографија и Диплома за завршено соодветно образование најдоцна до 30.11.2023 на меил kristijan.angelkov@mtsp.gov.mk.
За дополнителни информации може да се обратите секој работен ден од 08:30-16:30 часот на тел.бр. (02) 3223 834.